ОТВОРЕН ПОВИК за
Барање на понуда за ревизорски услуги
за проект „Зајакнување на иднината – Деца на улица, детска сиромаштија и семејства погодени од сиромаштија во Северна Македонија – Начини за излез од замката на сиромаштија преку холистичка поддршка и социјална инклузија“

| | |
|---|---|
| Предмет на барањето | Понуда за ревизорски услуги |
| Барател | Здружение на Новинари за човекови права Скопје |
| Датум на објава на повикот | 17.03.2025 |
| Траење на повикот | 10 дена |
| Контакт имејл | detstvo@detstvo.org.mk |

Здружение на Новинари за човекови права од Скопје, во рамки на проектот „Зајакнување на иднината – Деца на улица, детска сиромаштија и семејства погодени од сиромаштија во Северна Македонија – Начини за излез од замката на сиромаштија преку холистичка поддршка и социјална инклузија“ финансиран од Austrian Federal Ministry of Social Affairs, Health, Care and Consumer Protection, а спроведуван од Здружение на Новинари за човекови права Скопје, под водство на партнер организацијата ECPAT Austria, има потреба од ангажирање на овластена ревизорска компанија.

ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА

Цел на активноста е спроведување на ревизија на проектот „Зајакнување на иднината – Деца на улица, детска сиромаштија и семејства погодени од сиромаштија во Северна Македонија – Начини за излез од замката на сиромаштија преку холистичка поддршка и социјална инклузија“, со вкупен износ на проектиран буџет од 435419 евра, согласно договорот со донаторот. Проектот има посебна банкарска сметка и истиот е ослободен од ДДВ.

ЗАДАЧИ

Ревизорот треба:

1. Да спроведе ревизија на проектот кој се имплементира во периодот од 01.10.2025 до 30.09.2026, во согласност со донаторските услови за спроведување ревизија дадени како прилог 1 на овој повик: „Annex Audit ToR“.
2. Потребно е да се спроведе ревизија на три периодични извештаи (на секои шест месеци) и еден финален извештај (по завршување на сите проектни активности).
3. Да изготват и достават извештаи во 3 примероци, според спецификациите и стандардите опишани во: „Annex Audit ToR“ согласно барањата на донаторот Austrian Federal Ministry of Social Affairs, Health, Care and Consumer Protection, на македонски и на германски (или англиски) јазик.
4. Ревизорската куќа да има најмалку 3 години професионално искуство.

ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Периодот за реализација на оваа активност е согласно термините за известување и договорот со донаторот според точка 1 и точка 2 од задачите. Вкупната вредност на понудата не може да надмине 10.000 евра во денарска противвредност.

ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

При пријавувањето, компаниите треба да достават:

1. Портфолио на компанијата/ список на клиенти / организации за кои се испорачани исти / слични активности;
2. Биографии и лиценци на најмалку 2 овластени ревизори вработени во компанијата;
3. Дополнителни документи како доказ за квалификациите согласно стандардите во прилог: „Annex Audit ToR“ според барањата на донаторот Austrian Federal Ministry of Social Affairs, Health, Care and Consumer Protection;
4. Финансиска понуда изразена во МКД без ДДВ. Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

КРИТЕРИУМИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

1. Најмалку 3 (три) години професионално работно искуство во спроведување ревизии на граѓански организации, странски фондации, програми и проекти имплементирани од граѓански организации и странски фондации.
2. Најмалку 2 (две) претходно спроведени ревизии според стандардите

специфицирани во прилог „Annex Audit ToR" согласно барањата на донаторот Austrian Federal Ministry of Social Affairs, Health, Care and Consumer Protection.

ОЦЕНКА НА ПОНУДИТЕ

За оценка на понудите ќе се формира комисија која ќе ги разгледа и оцени понудите. Кандидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми: портфолио на компанијата, капацитет за спроведување на ревизијата (број на лиценцирани вработени ревизори), финансиска понуда, релевантно искуство соодветно за повикот согласно барањата во прилог „Annex Audit ToR". Договор ќе биде склучен со оној понудувач кој ќе биде оценет како најповолен. Донаторот на програмата има право да го одобри или оспори изборот на ревизорот, во зависност од исполнувањето на условите.

ПРИЈАВУВАЊЕ

Комплетната понуда, понудувачите треба да ја испратат на email: empoweringfuturesjhr@gmail.com и detstvo@detstvo.org.mk најдоцна 15 дена од објавување на повикот со назнака „Ревизија: (име на понудувачот)". Некомплетни понуди и понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени предвид. Повеќе информации или прашања можете да поставите на empoweringfuturesjhr@gmail.com

ДОВЕРЛИВОСТ

Сите информации кои се поврзани со оценка на понудите нема да бидат споделувани со никој кој не е официјално вклучен во процесот на селекција, дури и по завршување на процесот на избор. Сите податоци ќе се третираат како доверливи и нема да се користат, прибираат, споделуваат за други цели надвор од овој повик и целта на истиот.

ДОПОЛНИТЕЛНА ИНФОРМАЦИЈА

Сите евентуални трошоци околу прибирање и поднесување на потребната документација за учество на овој повик ги сноси понудувачот.